КАРПОШ

неделен Е - БИЛТЕН

ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

9 - 15 септември 2019 Билтен бр. 338

КАРПОШАНИ ДОБИВААТ НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

Во претстојниот период и во текот на 2020 година, Општина Карпош ќе се фокусира на одржување на зелените површини, поставување на системи за наводнување и облагородување на тревниците, во рамки на заштита на животната средина.

Денеска, градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, заедно со директорот на ЈП Паркови и зеленило, Ардијан Муча беа во обиколка на новите зелени површини долж бул. „8 Септември“.

Во изминатиот период, значително се зголеми фондот на дрвја во Општината. Се садеше меѓу зградите (меѓублоковско зеленило), како и долж булеварите и главните сообраќајници кои се под надлежност на Град Скопје. Богоев и Муча се согласија дека треба да се стави поголем акцент на одржување на тревниците и облагородување на јавните површини кои се наоѓаат во лоша состојба.

ЈП Паркови и зеленило целосно го уреди зеленилото долж бул. „8 Септември“, а поставен е и систем за наводнување. Дополнително се засади нова трева и поставен е систем за наводнување на аголот меѓу „Љубљанска“ и „Партизански одреди“, а исто така, овој потег дополнително ќе биде уреден хортикултурно.

ЗНАЧАЈНА Е ПОДДРШКАТА КОЈА КАРПОШ ЈА ДОБИВА ОД СВЕТСКА БАНКА

Изградбата на целосно новата градинка во Бардовци, „Виножито“ беше проект финансиран од Европската Унија, а спроведен преку Светска Банка. Со поддршка од Светска Банка се реконструираа и улиците „Римска“, „Атинска“, „Карпошово востание“ и „Варшавска“.

Затоа што Општината беше корисник на средства во повеќе наврати, градоначалникот Стефан Богоев денеска присуствуваше на завршниот настан за реализација на проекти финансирани од ЕУ ИПА грантот за рурална инфраструктура, во Клубот за пратеници.

На настанот присуствуваа градоначалници од повеќе општини, а свое обраќање имаше и Зоран Заев, Премиер на Република Северна Македонија, Самуел Жбогар, Шеф на Делегацијата на ЕУ во Скопје и Марко Мантованели, претставник за Косово и Република Северна Македонија во Европа и Централна Азија на Светска Банка.

Сите говорници ја истакнаа важноста од поголема поддршка на општините во различни сегменти од општественото живеење.

Во Карпош, во тек на реализација е и проектот за изведба на Спортско – Адреналинскиот парк (од вештачката карпа до бунарите на р.Лепенец), каде што Општината повторно е корисник на грант од Светска Банка, откако претходно Секторот за развој го подготви проектот.

Општина Карпош продолжува интензивно да работи на подготовка на апликации за добивање на средства од меѓународни институции. На овој начин, придонесуваме во заштеда на буџетски средства (пари на граѓаните), имајќи предвид дека оваа единица на локална самоуправа е меѓу најзадолжените во нашата држава.

ХУМАНОСТ И ДОНАЦИЈА ВО ЗНАК НА ЖРТВИТЕ ОД 11.09.2001

Општина Карпош и градоначалникот Стефан Богоев се приклучија кон одбележувањето на Националниот ден на служба и сеќавање на жртвите од 11.09.2001 година, во организација на Амбасадата на САД во Скопје и Црвениот крст на Град Скопје.

Во име на граѓаните на Карпош, градоначалникот Богоев дониираше прехранбени продукти кои ќе бидат доделени на социјално – загрозените категории на граѓани.

Заинтересираните граѓани можат да донираат крв и прехранбенни продукти, од 09:00 до 16:00 часот, во просториите на Амбасадата на САД во Скопје.

Националниот ден на служба и сеќавање се одбележува од 2002 година, во знак на сеќавање на жртвите, преживеаните и сите што помогнаа во справување со последиците од нападите на 11 септември. Главната цел е преку добротворни акции да се оддаде почит, да се негува споменот кон загинатите и да се прави добро за заедницата.

Покрај системската поддршка и социјална заштита која ја дава Карпош, Општината ќе продолжи да организира и да се приклучува кон вакви хуманитарни акции, кои имаат за цел да ја поттикнат солидарноста кај сите граѓани и чинители во нашето општество.

ПРИЈАВЕТЕ МИРИЗБА/ОГАН НА ОТВОРЕНО

Преку телефонската линија која ја отвори Општина Карпош, 078 – 257 – 640, за пријавување на непријатна миризба/оган на отворено, до овој момент пристигнале повеќе од 400 пријави.

Како резултат на отворената телефонска линија, инспекциските служби на Општина Карпош дадоа придонес во локализирање и гасење на пожар на територија на Општина Сарај, во населено место Свиларе, на 05.09.2019 година, како и еден пожар локализиран на Скопска Црна Гора, на 07.09.2019 година.

По спроведените теренски контроли, како и по пријавите од страна на граѓаните, на територија на Карпош не се евидентирани огнови на отворено, туку најчесто непријатната миризба доаѓа од околните скопски села и од Општина Сарај.

Инспекциските служби постојано комуницираат со Противпожарната служба, градскиот инспекторат и секторите за инспекторат на други општини, со цел веднаш да се детектираат критичните места од каде што се шири непријатна миризба.

Апелираме до сите граѓани, кои се јавуваат на телефонската линија да пријавуваат единствено непријатна миризба или оган на отворено, да не ја користат линијата за други теми и проблеми, со цел да се овозможи поголема ефикасност и експедитивност на службите. Телефонскиот број функционира до 23:30 часот, а потоа граѓаните можат да пријавуваат на 193.

Борбата со аерозагадувањето може да се добие единствено со сериозна и посветена работа од сите чинители во општеството. Општина Карпош продолжува со сите ресурси да делува за справување со аерозагадувањето, како еден од најсериозните проблеми во нашата држава.